# ЗАПИСНИК

од 2-та седница на Генералното собрание на ЗЕЛС
Хотел „Александар Палас“,
11 јуни, 2026 г., Скопје

**Присутни**:

Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Град Скопје), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Сузана Павловска (Претседател на Совет на Општина Аеродром), Владко Шахпаски (Градоначалник на Општина Берово),Бојан Бојковски (Претседател на Совет на Општина Битола), Ристо Манчев (Градоначалник на Општина Босилово),Јовица Илиевски (Градоначалник на Општина Брвеница),Спасе Кочовски (Градоначалник на Општина Вевчани), Виктор Трпевски (Претседател на Совет на Општина Гази Баба), Андон Сарамандов (Градоначалник на Општина Гевгелија),Ваљбон Лимани (Градоначалник на Општина Гостивар), Киро Нацков (Градоначалник на Општина Градско), Фисник Мела (Градоначалник на Општина Дебар), Иван Гоцевски (Градоначалник на Општина Делчево), Наталија Димитриева (Градоначалник на Општина Демир Капија), Никола Најдовски (Градоначалник на Општина Демир Хисар), Муса Шачири ( Претседател на Совет на Општина Долнени), Ванчо Митев (Градоначалник на Општина Зрновци), Александар Георгиевски (Градоначалник на Општина Илинден),Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Бети Стаменкоска-Трајкоска (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Златко Ристов (Градоначалник на Општина Конче), Љупчо Спиров (Претседател на Совет на Општина Кратово), Сашко Митоски (Градоначалник на Општина Крива Паланка), Андреј Ацески (Претседател на Совет на Општина Кривогаштани), Елена Христоска (Член на Совет на општина Крушево), Еркан Арифи (Градоначалник на Општина Липково), Бошко Цветковски (Градоначалник на Општина Лозово), Онер Јакупоски (Градоначалник на Општина Маврово и Ростуше),Соња Стаменкова (Градоначалник на Општина Македонска Каменица), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Марија Нацева (Градоначалник на Општина Неготино),Ѓорѓе Божинов (Градоначалник на Општина Ново Село),Перчо Божиновски ( Претседател на совет на Општина Охрид), Алија Јаоски (Градоначалник на Општина Пласница), Билјана Кржеска (Претседател на совет на Општина Прилеп), Тони Тоневски (Градоначалник на Општина Пробиштип), Љупче Почивалец (Градоначалник на Општина Радовиш),Ненад Петковски (Претседател на Совет на Општина Ранковце),Маја Павловска (член на Совет на Општина Ресен), Ѓорѓи Крстевски (Градоначалник на Општина Росоман), Мухамет Елмази (Градоначалник на Општина Сарај), Оливера Арсов (Претседател на Совет на Општина Свети Николе),Јане Мицевски (Градоначалник на Општина Сопиште), Мирослав Славковски (Градоначалник на Општина Старо Нагоричане), Менди Ќура (Градоначалник на Општина Струга), Петар Јанков (Градоначалник на Општина Струмица), Ејуп Абази (Градоначалник на Општина Студеничани), Даут Мемиши (Градоначалник на Општина Теарце), Аријан Ибраим (Градоначалник на Општина Центар Жупа),Суат Шаќиров (Градоначалник на Општина Чашка), Јорданче Костадинов (Градоначалник на Општина Чешиново-Облешево),Зоран Бајовски (Градоначалник на Општина Чучер-Сандево), Курто Дудуш (Градоначалник на Општина Шуто Оризари), Миле Трајковски (Претседател на Совет на Општина Крива Паланка), Јусуф Абдули (Претседател на Совет на Општина Тетово), Коста Замановски

(Претседател на Совет на Општина Ресен), Анета Стамкова (Претседател на Совет на Општина Гевгелија), Александар Андов (Претседател на Совет на Општина Кочани).

**<u>Дискусија</u>:**

На седницата беше констатиран потребниот кворум за работа, односно присутни беа 59 делегат од вкупно 90, со што беше констатирано дека Генералното Собрание може полноправно да одлучува во согласност со Статутот.

Генералното Собрание на својата 2-ра седница го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записникот од првата (конститутивна) седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;
2. Обраќање на Претседателот на ЗЕЛС, г. Орце Ѓорѓиевски;
3. Усвојување на Наративниот и финансискиот извештај на ЗЕЛС за 2025 година;
4. Разно – Дискусија.

**ЗАКЛУЧОК:** Генералното Собрание едногласно го усвои Дневниот ред на 2-та седница без дополнувања.

**ПРВА ТОЧКА:** Усвојување на Записникот од првата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;

На гласање беше ставен Записникот од конститутивната седница на Генералното собрание одржана на 18 декември 2025 г.

**ЗАКЛУЧОК:** Делегатите на Генералното Собрание едногласно донесоа Заклучок со кој се усвојува Записникот од 1-та (конститутивна) седница на Генералното собрание на ЗЕЛС. без забелешки.

**ВТОРА ТОЧКА:** Обраќање на претседателот на ЗЕЛС, г. Орце Ѓорѓиевски;

Претседателот на ЗЕЛС, г. Орце Ѓорѓиевски, им се обрати на присутните делегати, изразувајќи благодарност за поддршката во изминатите шест месеци од локалните избори, со посебен акцент на членовите на Управниот одбор и потпретседателите Изет Меџити и Горан Герасимовски. Тој ја потенцираше важноста на меѓуопштинското единство во рамките на ЗЕЛС како матична организација која ги застапува општините пред се пред централната власт, во насока на реализација на актуелните и приоритетни цели на општините. ЗЕЛС продолжува да ги реализира своите стратешки цели од новиот Стратешки план (за периодот 2026-2030) и тоа: лобирање и застапување, зајакнување на капацитетите на администрацијата и развој на електронските услуги за општините.

Во рамките на своето излагање, претседателот ги издвои клучните активности во делот на лобирањето и тоа:

- **Финансиска децентрализација:** На средбите со Министерството за финансии цврсто е заземен ставот за обезбедување на најмалку 10% од ДДВ, 50% од персоналниот данок на доход и зголемување на учеството во БДП на општините од над сегашните 5%.
- **Образование и социјална заштита:** Од 1 јануари оваа година започна имплементацијата на новата методологија за основно и средно образование во соработка со МОН. Во социјалната заштита, под водство на Бобан Стефковски (Комисија за труд и социјална инклузија), изработени се модели за децентрализација на оваа надлежност и истите се предложени во понатамошна процедура на усвојување.
- **Долгови на ЈКП и енергетика:** Проблемот со историските долгови и камати на јавните комунални претпријатија кон УЈП е дефиниран како приоритет. Во соработка со РКЕ и Министерството за енергетика, покрената е иницијатива општините да основаат сопствени претпријатија за производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори.
- **Противпожарна заштита и Кризен штаб:** Беше укажано на преголемиот финансиски товар на општините и недостигот на кадар во ТППЕ. ЗЕЛС формираше сопствен регионален кризен штаб за координација на опрема и кадар за претстојната сезона на шумски пожари. И средствата, благодарение на соработката со Министерството за одбрана, се очекува да бидат зголемени двојно, од сегашните 500 милиони, на 1 милијарда денари годишно.
- **Комунална полиција и урбанизам:** Се очекува Собранието наскоро да го стави на дневен ред Законот за комунална полиција. Отворена е дебата со Министерството за транспорт за Законот за легализација на дивоградби (поради злоупотреби од урбаната мафија), како и за поедноставување на процедурите за донесување на урбанистичко – планска документација. По трагедијата во Кочани каде трагично животот го изгубија 63 млади лица, инспекциите на терен ја наметнаа потребата од унифициран правилник за урбана опрема. ЗЕЛС работи и на регулатива за безбедноста на забавните паркови.

Во однос на капацитетите и електронските услуги, претседателот ги нагласи следните прашања:

- **Тренинг центар и дигитализација:** Реализирани се низа обуки за администрацијата и е набавена опрема за хибридни настани за потребите на работа на комисиите и телата и органите на ЗЕЛС.
- **Единицата ЗЕПЕ:** Единицата за поддршка на електронски општини – ЗЕПЕ, успешно ги менаџира платформите за градежно земјиште, е-одобрение за градење, е-ствари и електронските јавни наддавања.
- **Надомест за електронските услуги:** Претседателот ја истакна донесената Одлука од декември 2025 година за плаќање на посебен надомест кон ЗЕЛС за одржување и чување на податоците на општините на клауд.
- **Ажурирање на данокот на имот:** Преку системот за интероперабилност се очекува да се обезбедат податоците за даночните обврзници бесплатно, преку преземање на податоците од Катастарот. Претседателот упати ургентен апел до општините за репроценка на даночната основица по најновата методологија за зголемување на сопствените приходи.

На крајот, претседателот упати апел за зачувување на единството во ЗЕЛС како досега и изрази јавна благодарност до Извршниот директор, на Заменикот извршен директор и на целиот тим на стручната служба на ЗЕЛС.

**ТРЕТА ТОЧКА:** Усвојување на Наративниот и финансискиот извештај на ЗЕЛС за 2025 година;

Потпретседателот на ЗЕЛС, г. Горан Герасимовски, информираше дека Управниот одбор доставил препорака до Генералното собрание за усвојување на Наративниот и финансискиот извештај за 2025 година. Потоа го повика извршниот директор на ЗЕЛС, г-ѓа Душица Перишиќ, да даде детално образложение на двата документи.

Извршната директорка, г-ѓа Душица Перишиќ, ги презентираше извештаите и ги истакна следните клучни показатели:

- **Финансиска стабилизација:** Во 2025 година е остварена **111,52% поголема реализација** на приходите од планираното (надминувајќи го дефицитот од околу 70.000 евра од 2024 година), односно вкупните приходи се за **11,52% повисоки** од буџетираниот план.

- **Наплата на членарина:** Собрани се вкупно 24 милиони денари по основ на членарина (зголемување од 18% од тековниот план), како резултат на подмирувањето на старите заостанати долгови. Беше потенцирано дека до тековниот момент на одржување на седницата, веќе се наплатени 55% од членарината за 2026 година.

- **Финансиска независност и расходи:** ЗЕЛС функционира како независна организација финансирана доминантно од општините. Вкупната реализација на расходите изнесува меѓу 74% и 75%, без ниту едно пречекорување на планираните ставки.

- **Структура на трошоците:** Најголема ставка е единицата ЗЕПЕ со **13 милиони денари** (за одржување софтвери, cloud-инфраструктура и плати). За поддршка на телата и органите на ЗЕЛС се потрошени **12 милиони денари**, додека за ЗЕЛС Тренинг центарот се реализирани **4.605.000 денари** (помал износ поради изборната година).

- **Состојба со долгови:** Пред присутните беше презентиран преглед на долговите каде се констатира дека вкупниот долг кон ЗЕЛС е концентриран кај околу **25% од** единиците на локалната самоуправа (приближно 16 до 20 општини), додека останатите членки на ЗЕЛС ги подмируваат своите обврски редовно. Посочено беше и дека кај одредени општини кои должат поголеми износи постојат неплатени обврски кои датираат дури и од 2009 година. Беше истакнато дека ЗЕЛС континуирано овозможува погодности за репрограмирање на долговите на 10, 20 или 30 рати во рамките на градоначалничкиот мандат.

По презентирањето на двата документи, предлогот беше ставен на гласање:

**ОДЛУКА:** Генералното собрание на ЗЕЛС едногласно (59 глас „ЗА“, без гласови „против“ и без гласови „воздржан“) ги усвои Наративниот извештај за работа на ЗЕЛС за 2025 г. и Финансискиот

извештај (завршна сметка) за финансиското работење на ЗЕЛС за 2025 г.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА:** Разно – Дискусија;

Претседателот на ЗЕЛС ги покани делегатите на Генералното Собрание на отворена дебата, при што во рамки на оваа точка беа отворени следниве прашања од приоритетен интерес за општините:

- **Дискусија на Градоначалникот на општина Струга (г. Менди Ќура):** Тој укажа дека поради намалувањето на бројот на ученици, МОН ги скратило дотациите за училиштата во Струга за околу **200.000 евра**, со што општината не може да ги покрие трошоците за превоз на ученици. Градоначалникот информираше за затворање на 3 подрачни училишта и побара поддршка од ЗЕЛС за надминување на финансиските и кадровските дефицити.

- **Дискусија на Градоначалникот на Општина Босилово (г. Ристо Манчев):** Тој укажа на сериозен правно-финансиски дефицит предизвикан од Колективниот договор во образованието од 2023 година. Присутните беа запознати дека наставниците поднесуваат барања за ретроактивна исплата на јубилејни награди за период **пред 2023 година**. Судовите носат позитивни одлуки за вработените, а Трудовата инспекција доставува извршни налози до општината. Тој предупреди дека доколку ова стане општа судска пракса, ќе настане колапс во сите општини бидејќи ниту една општина нема буџетски капацитет за ретроактивни исплати пред важноста на новиот колективен договор. Тој побара прашањето итно да биде ставено на дневен ред на разговорите со МОН на претстојната средба во ЗЕЛС.

- **Дискусија на Градоначалникот на општина Студеничани (г. Ејуп Абази):** Тој побара доследна примена на формулата за блок-дотации на МОН/УНДП/Светска банка со укажување дека општина Студеничани има континуиран раст на ученици и моментално брои **4.000 ученици**, но добива само **245 милиони денари** (околу 4 милиони евра) дотација, додека одредени општини со само 300-400 ученици добиваат по 50 милиони денари. Според формулата (112.000 денари по ученик), на општина Студеничани законски ѝ следуваат најмалку **7 милиони евра**, што значи дека со години наназад е оштетена за дури 3 милиони евра годишно. Тој побара итна корекција на оваа состојба.

- **Дискусија на Градоначалникот на општина Гостивар (г. Валбон Лимани)** кој се надоврза на проблематиката со Колективниот договор во образованието и истакна дека веднаш по неговото стапување на функција се соочил со сериозен проблем каде од сопствениот општински буџет мора да осигура средства за непланирани трошоци за регрес за годишен одмор (К-15) и јубилејните награди. Тој ја критикуваше праксата каде министерството потпишува колективни договори кои наметнуваат крупни финансиски обврски за општините, без соодветни буџетски средства кои целосно паѓаат на товар на општините. Тој исто така го отвори прашањето за справување со кучињата скитници за кои е потребна промена на регулативата.

- **г. Орце Ѓорѓиевски (Претседател на ЗЕЛС):** Тој потврди дека денес, 11 јуни во 15:30 часот во ЗЕЛС, комисијата за образование на ЗЕЛС ќе има официјален состанок со Министерството

за образование и наука каде главна и ургентна тема ќе биде токму итна имплементација на новата методологија за распределба на средствата врз основа на реалниот број на ученици, со цел што поскоро да се надминат утврдените аномалии од минатото. Претседателот вети дека сите покренати специфични проблеми (вклучително и долговите за превоз, ретроактивната испалта на јубилејните награди и непланираните обврски од колективните договори) ќе бидат пренесени на состанокот и дека сите градоначалници ќе бидат веднаш информирани за заклучоците.

**Скопје, 11 јуни, 2026 г.**

**Записникот го составил**,
стручната служба на ЗЕЛС,

**Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС,**
Претседател,
Орце Ѓорѓиевски